# ‚О, Божји пратенику, што да направам ако некој се обиде да ми го земе имотот?‘

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го праша: ‚О, Божји пратенику, што да направам ако некој се обиде да ми го земе имотот?‘ Тој одговори: ‚Не му го давај.‘ Човекот праша: ‚А ако се обиде да ме нападне?‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Спротивстави му се.‘ Човекот праша: ‚А ако ме убие?‘ Тој рече: ‚Тогаш ти си шехид.‘ Човекот повторно праша: ‚А ако јас го убијам него?‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Тој е во Пеколот.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Еден човек дошол кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рекол: „О, Божји пратенику, што да направам ако некој сака да ми го земе имотот?“ Тој одговорил: „Не си должен да му се предадеш и да му го дадеш својот имот.“ Човекот прашал: „А што ако се обиде да ме нападне?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дозволено е да му се спротивставиш.“ Човекот рекол: „А што ако ме убие?“ Тој рекол: „Тогаш ти си шехид.“ Човекот прашал: „А што ако јас го убијам него?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Тој заслужува казна во Огнот на Судниот ден.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3557